

Селото Горна Ѓоновица се простира на падините на планината Буковиќ

Пред некоја година, планинарско-спортскиот клуб „Бистра“ од Гостивар трасира и обележи планинарска патека од Горна Ѓоновица до кичевското село Зајас, која минува низ прекрасни предели на планината Буковиќ. Пештерата Убавица, рибникот „Бигор“, недопрената природа, чистиот воздух се предизвици за развој на туризмот и на други стопански дејности

**РАСКАЖИ НИ ЗА МАКЕДОНИЈА**

На крајот на јануари го посетивме селото Горна Ѓоновица, кое се простира на падините на планината Буковиќ, на 810 метри надморска височина. Иако зимата го достигна својот зенит, снегот го нема, односно белините се задржани на осојничавите места, што не беше случај во изминатите години кога снежната покривка изнесуваше и над половина метар. Ведрото и сончево време ни овозможија попријатно да се чувствуваме и да уживаме во убавините на недопрената природа и чистиот воздух. Петнаесетте

километри од Гостивар ги минавме за дваесетина минути возејќи се со автомобил по сув асфалтен пат.
Прошетката ја започнавме на неколку стотина метри источно од првите куќи на Горна Ѓоновица. Пешки се упатуваме кон селото, во друштво на нашите домаќини, 62-годишниот Маренко Милошески, фармер, сопственик на ранчот „Маренков“, и 66-годишниот Игне Анѓелковски, пензионер.



Со доброволни работни акции, со сопствени парични средства и донации, во 2005 година ја реновирале црквата „Св Никола“

– Најубавите години од животот ги минавме во нашето село Горна Ѓоновица. Спомените

не се заборавaат. Постојано сме тука и никогаш нема да се откажеме. Со дваесетмина истомисленици сме фанатично вљубени во овој предел и со разновидни активности го враќаме животот. Со заеднички сили решивме неколку комунални и други проблеми и создаваме пристојни услови за живеење, а со тоа овозможивме сожителите да почнат да се враќаат, да ги реконструираат напуштените куќи, се градат и нови, се обработуваат напуштените плодни површини. Иако нивните родители се иселиле пред повеќе од половина век, многумина покажуваат интерес наследените куќи да ги оспособат за живеење. Во последниве десетина години се изградени 17 куќи – велат Милошевски и Анѓелковски.

Пишани документи за настанокот и за историјата на селото Горна Ѓоновица не постојат. Селото е од збиен тип со две маала, Горно и Долно. Во 1947 година по ослободувањето на Македонија од фашистичкиот окупатор, беа регистрирани 32 куќи, а во 1961 година живееја 164 Македонци. По 41 година, со последниот попис од 2002 година, беа регистрирани само 8 жители.
Истражувања вршел доктор Јован Ф. Трифуновски од гостиварското село Врутoк, а резултатите ги објавил во 1976 г. во книгата „Полог, антропогеографски проучувања, населби и потекло“. Меѓу другото, тој за оваа селска населба забележал: „На местото каде што се наоѓаат Горна и Долна Ѓоновица, многу порано постоело старо македонско село, кое имало 354 куќи. Тоа село било разбиено. Црквата и гробиштата на старата населба се наоѓаат на денешните муслиманско-арбанески гробишта во Долна Ѓоновица. Старото село било раселено во некоја војна пред двесте и повеќе години.

Раселувањето било извршено во времето кога биле уништени и други блиски македонски населби“. Црквата на старото македонско село не постои, но затоа православните гробишта постојат, оградени се со бодликава жица и сочувани“.

– Сè до седумдесеттите години во Горна Ѓоновица имаше живот. Детскиот џагор беше присутен насекаде, имаше веселби, свадби и крштевки, домашни и селски слави. Жителите ја обезбедуваа егзистенцијата со сточарството и земјоделството. Дури и децата работеа. Со овчарство се занимаваа неколку семејства што имаа над 2.000 овци, речиси секоја куќа имаше по неколку крави, коњи, а се обработуваше и плодна површина. Се садеа пиперки, домати, компири, пченка, грав, имаше овоштарници со јаболка, сливи, ореви. Се одгледуваше и тутун, неколку семејства се занимаваа со пчеларство. Значајно беше и тоа што педесетина горноѓоновичани работеа во државните претпријатија „Македонски железници“ и „Македонија пат“ – се сеќава Милошевски.

За масовното иселување на жителите на Горна Ѓоновица во 1970-тите години пресудно било укинувањето на железничкиот сообраќај на тесколинејката Гостивар – Кичево – Охрид, што минувала под селото, каде што била железничката станица на популарниот воз „Ќиро“. Превозот бил редовен, евтин и безбеден. Него го заменила новата железничка пруга со нормален колосек изградена по нова траса, подалеку од селото, возот што сообраќа е недостапен за неговите жители. Условите станале уште потешки за живеење кога во употреба била ставена современата патна сообраќајница, западната магистрала Гостивар – Кичево, преку превојот Стража. Не само што Горна Ѓоновица била отсечена од светот, туку над педесетина луѓе биле отпуштени од работа. Горноѓоновчани беа принудени пешки да одат по 30 километри во Гостивар, за да завршат некоја административна или друга работа, да појдат на пазар или на лекар. Во тие години било укинато и училиштето во кое децата учеле од прво до четврто одделение, а повозрасните деца од петто до осмо одделение пешки оделе во селото Симница, оддалечено 5-6 километри. Условите за живот биле неподносливи, особено во зимските месеци кога дебелината на снежната покривка надминувала и еден метар. Ниедна од надлежните државни институции не покажала интерес да им ги ублажи маките на горноѓоновичани и неизбежно било масовното иселување, останале само неколку пензионери.









***Киро Киприоски***

https://www.novamakedonija.com.mk/prilozi/raskazi-ni-za-makedonija